**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**
Бул. Партизански одреди 14 1/2-3
1000 Скопје
Т: + 389 2 3220 998
+ 389 34 330 088
www.euromaxresources.mk
www.euromaxresources.com

Скопје, 21.01.2016 година

**Од**
**Друштвото за производство, промет и услуги**
**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**
Бул. Партизански одреди 14 1/2-3
1000 Скопје

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Управа за животна средина**
Бул. Гоце Делчев бб
1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ: Барање за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина на проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“**

Почитувани,

Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје е имател на концесија за експлоатација на минерална суровина – бакар и злато на локалителот „Иловица“ Општина Босилово и Општина Ново Село врз основа на Договор за концесија за експлоатација бр. 24-40/2 од 13 јануари 2016 година.

Во согласност со член 81 став 7 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14), бараме да извршите определување на обемот на ОВЖС за проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“.

Според мислење на Друштвото за производство, промет и услуги ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје, за проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“ треба задолжително да се спроведе оцена на влијанието врз животната средина.

Предметниот проект се наоѓа во Прилог 1, Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанието врз животната средина, точка 16 – каменоломи и површински ископи, каде што површината на локацијата надминува 10 хектари од „Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина“ (Сл. Весник на РМ бр. 74/05).

Во прилог на пропратното писмо Ви ги доставуваме следните документи:

1. Листа на проверка за определување на обемот на ОВЖС: прашања за карактеристиките на проектот „Површински коп на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Иловица“, Општина Босилово и Општина Ново Село“.

Со надеж за успешна соработка во иднина, однапред Ви благодариме за љубезното земање во предвид на нашето барање.

Со почит,

За Друштвото за производство, промет и услуги
**ЕУРОМАКС РЕСОУРЦЕС ДОО Скопје**

___________________________________
Драги Пелтечки, полномошник